Врз основа на член  од Законот за здруженија и фондации („Службен весник на РМ“ бр. 52/10, 135/11, 55/16 и 239/22);  на 05.03.2024 година, на седница на основачката седница на Собранието на здружението за заштита, едукација и промоција на еднаквоста и човековите права ЦЕНТАР ЗА ЕДНАКВОСТ И ПРАВДА се донесе и усвои:

# С Т А Т У Т
**на Здружение за заштита, едукација и промоција на еднаквоста и човековите права**
**ЦЕНТАР ЗА ЕДНАКВОСТ И ПРАВДА**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1 – Статус

Здружението за заштита, едукација и промоција на еднаквоста и човековите права ЦЕНТАР ЗА ЕДНАКВОСТ И ПРАВДА (во натамошниот текст: ЦЕНТАР ЗА ЕДНАКВОСТ И ПРАВДА) е независно, непартиско, невладино и непрофитно здружение на граѓан(к)и, кое работи на почитувањето, заштитата и промоцијата на еднаквоста, правата и слободите на луѓето.

### Член 2 – Правен субјективитет, назив и седиште

ЦЕНТАР ЗА ЕДНАКВОСТ И ПРАВДА има својство на правно лице.

Полн назив на здружението е: Здружение за заштита, едукација и промоција на еднаквоста и човековите права ЦЕНТАР ЗА ЕДНАКВОСТ И ПРАВДА.

Во правниот промет и во јавноста здружението може да настапува и со скратениот назив: ЦЕНТАР ЗА ЕДНАКВОСТ И ПРАВДА.

Во меѓународна комуникација, ЦЕНТАР ЗА ЕДНАКВОСТ И ПРАВДА ќе го користи следниот назив на англиски јазик: Center for Equality and Justice.

Седиштето на ЦЕНТАР ЗА ЕДНАКВОСТ И ПРАВДА е во Скопје, на ул. „Вич бр.22/2-18, 1000 Скопје .

ЦЕНТАР ЗА ЕДНАКВОСТ И ПРАВДА делува на цела територија на Република Северна Македонија.

ЦЕНТАР ЗА ЕДНАКВОСТ И ПРАВДА има свој печат и штембил.

### Член 3

ЦЕНТАР ЗА ЕДНАКВОСТ И ПРАВДА не е основано за стекнување добивка.

ЦЕНТАР ЗА ЕДНАКВОСТ И ПРАВДА може да остварува стопански дејности со кои се стекнува добивка која мора да биде употребена за остварување на целите на здружението.

Приходите и имотот на ЦЕНТАР ЗА ЕДНАКВОСТ И ПРАВДА мора да бидат употребени единствено за остварување на целите утврдени со овој статут, стратешките и програмските документи на ЦЕНТАР ЗА ЕДНАКВОСТ И ПРАВДА.

**Член 4 – Основна и посебни цели**

Општа цел на ЦЕНТАР ЗА ЕДНАКВОСТ И ПРАВДА е да работи на заштита, едукација и промоција на еднаквоста и човековите права.

Посебни цели на ЦЕНТАР ЗА ЕДНАКВОСТ И ПРАВДА се:

- Покренување на свеста кај девојките, момчињата, жените и мажите во сите нивни различности за нивните права и слободи со информации, совети и правна поддршка за да ги бараат своите права.

- Создавање на средина и јакнење на социјално и системски обесправените и ранливи групи на деца, девојки, момчиња, жени и мажи во сите нивни различности со информации, совети и заштита за да ги бараат и остварат своите права.

- Подобрување на системот за поддршка и грижа на обесправените и ранливи групи на луѓе, девојките, момчињата, жените и мажите, преку континуирана поддршка и залагање за институционални и системски промени

- Залагање за праведно, инклузивно и родово еднакво општество

- Соработка и јакнење на капацитетите на институциите во родово одговорни и транспарентни инстититуции кои ќе го гарантираат остварувањето на човековите права на луѓето

- Влијание врз законите и политиките со цел да се намали сиромаштијата, да се подобри здравствениот и социјалниот статус на луѓето во сите нивни различности, да се промовира еднаквоста, економијата на грижа, да се унапредат човековите права на луѓето, да се подобри системот и политиките со примена на принципот на интерсекционалност

- Залагање за родова, социјална и климатска правда, како предуслов за остварување на човековите права на сите луѓе, особено на обесправените и маргинализирани групи на луѓе и залагање за одржлив развој

- Влијание врз остварување на принципот на владеење на правото преку едукација на девојките, момчињата, мажите и жените во сите нивни различности со информации, совети и заштита за да се заштитат и да пријават корупција

- Едукација и промоција на принципот на недискриминација и човековите права и слободи преку нови и иновативни пристапи и медиуми, вклучително и во образованието и на интернет просторот

- Унапредување на благосостојбата на луѓето преку програми за едукација и поддршка

**Член 5 – Остварување на целите**

ЦЕНТАР ЗА ЕДНАКВОСТ И ПРАВДА ќе дејствува врз основа на Уставот и законите на Република Северна Македонија и принципот на еднаквост и недискриминација.

За постигнување на своите цели и задачи, ЦЕНТАР ЗА ЕДНАКВОСТ И ПРАВДА ќе дејствува преку:

- Пристапот заснован на човекови права и интерсекционалноста, која е почетна точка во сите стратешки документи и активности на ЦЕНТАР ЗА ЕДНАКВОСТ И ПРАВДА

- Набљудување на ситуацијата со човековите права и слободи, еднаквоста, вклучително и родовата еднаквост;

- Обезбедување на правна помош;

- Обезбедување на сервиси за поддршка засновани на потребите на различните обесправени групи;

-Унапредување на законите и политиките за човекови права, родова еднаквост, родово-базирано насилство и системот на грижа

-Градење и одржување на партнерства со граѓанските организации на локално, национално и меѓународно ниво.

-Зајакнување на капацитетите и соработката со институциите на локално и национално ниво.

- -Зајакнување на капацитетите и соработката со бизнис секторот

- ЦЕНТАР ЗА ЕДНАКВОСТ И ПРАВДА тргнува од позицијата дека ранливоста и обесправеноста на одредена група или лице е динамична категорија и зависи од одреден контекст во одреден временски период и оттука ЦЕНТАР ЗА ЕДНАКВОСТ И ПРАВДА ќе постапува согласно потребите на сите заедници кои во одреден период може да се сметаат за ранливи, обесправени или маргинализирани и покрај тоа што не се категорично набројани во овој Статут.

- Изработување, преведување, издавање и објавување на анализи и публикации поврзани со човековите шрава и еднаквоста, вклучително и родовата еднаквост

- Организирање на конференции, семинари, јавни акции и други форми на граѓанска активност во врска со промоцијата и заштитата на човековите права и еднаквоста, вклучително и родовата еднаквост

-Јакнење на волонтерските активности во организацијата

-Градење и обезбедување на континуирана и актуелна експертиза, професионалност и отчетност

-Обезбедување на финансиска одржливост и стабилност

**Член 6 – Јавност, транспарентност и недискриминација во работењето**

ЦЕНТАР ЗА ЕДНАКВОСТ И ПРАВДА својата работа ја заснова на принципите на јавност и транспарентност и слободно ги промовира своите ставови и мислења, поведува иницијативи и учествува во градење на јавното мислење и креирањето на политиките во областа на човековите права и слободи, принципот на еднаквост и родовата еднаквост.

ЦЕНТАР ЗА ЕДНАКВОСТ И ПРАВДА, во сите аспекти на своето работење ќе ги промовира принципите на еднаквост, недискриминација, интерсекционалност и инклузија.

**Член 7 – Доброволност и доверливост**

ЦЕНТАР ЗА ЕДНАКВОСТ И ПРАВДА ќе дава услуги и информации почитувајќи ги принципите на доброволност, доверливост и донесување на одлуки врз основа на информираност и без притисоци.

**Член 8 – Основање подружници, мрежи и неформални групи**

ЦЕНТАР ЗА ЕДНАКВОСТ И ПРАВДА може да основа свои подружници, да основа или да се придружува на мрежи и неформални групи.

За основање подружници одлучува Собранието, а за основање и придружување во мрежи и неформални групи одлучува Управниот одбор,

## II. ЧЛЕНСТВО

**Член 8 – Зачленување во ЦЕНТАР ЗА ЕДНАКВОСТ И ПРАВДА**

Член(ка) на ЦЕНТАР ЗА ЕДНАКВОСТ И ПРАВДА може да биде секое полнолетно лице кое е државјанин на Република Северна Македонија или е странец со постојан престој во Република Северна Македонија под услов и на начин определен со овој Статут.

Малолетно лице со наполнети 14 години се зачленува во ЦЕНТАР ЗА ЕДНАКВОСТ И ПРАВДА со давање потпишана изјава за согласност на неговиот законски застапник за зачленување во ЦЕНТАР ЗА ЕДНАКВОСТ И ПРАВДА, во согласност со закон.

Услови за членство во ЦЕНТАР ЗА ЕДНАКВОСТ И ПРАВДА се:

- Лицето да ги застапува вредностите и целите на ЦЕНТАР ЗА ЕДНАКВОСТ И ПРАВДА;
- Лицето да сака да придонесува за подобрување на човековите права и слободи и да се залага за еднаквост и недискриминација.

За зачленување во ЦЕНТАР ЗА ЕДНАКВОСТ И ПРАВДА лицето доставува пристапница за членство и изјава за судир на интереси до канцелариите на ЦЕНТАР ЗА ЕДНАКВОСТ И ПРАВДА или на веб страната на ЦЕНТАР ЗА ЕДНАКВОСТ И ПРАВДА.

Со потпишувањето на пристапница и изјавата за судир на интереси, лицето од став 1 на овој член, односно кандидатот, го прифаќа Статутот на ЦЕНТАР ЗА ЕДНАКВОСТ И ПРАВДА, изразува подготвеност да биде зачленет во ЦЕНТАР ЗА ЕДНАКВОСТ И ПРАВДА и да придонесе во спроведувањето на активностите и работењето на ЦЕНТАР ЗА ЕДНАКВОСТ И ПРАВДА.

Содржината и формата на пристапницата и изјавата за судир на интереси подетално се уредува со акт на Собранието.

**Член 9 – Постапка за прием на нов член**

За прием на нов член одлучува Собранието на ЦЕНТАР ЗА ЕДНАКВОСТ И ПРАВДА, по претходна препорака на Управниот одбор на ЦЕНТАР ЗА ЕДНАКВОСТ И ПРАВДА.

Пристапницата и изјавата за судир на интереси се доставуваат до Управниот одбор, кој дава мислење дали кандидатот ги исполнува условите за членство и дали ги прифаќа овој Статут и принципите и вредностите за кои се залага ЦЕНТАР ЗА ЕДНАКВОСТ И ПРАВДА.

Управниот одбор го претставува мислењето за членот кој сака да пристапи кон ЦЕНТАР ЗА ЕДНАКВОСТ И ПРАВДА пред Собранието. Собранието, за избор на членот одлучува со мнозинство гласови од присутните членови.

Одлуката на Собранието е конечна.

**Член 10 – Изјава за судир на интереси**

Изјавата за судир на интереси се доставува при пополнување на пристапницата кон ЦЕНТАР ЗА ЕДНАКВОСТ И ПРАВДА. Доколку по потпишаната изјавата настапиле промени кои можат да се сметаат за судир на интереси, членот се обврзува изјавата да ја достави до Претседател/ката на ЦЕНТАР ЗА ЕДНАКВОСТ И ПРАВДА во моментот кога дознал за промените, а најдоцна во рок од седум дена пред датумот кога е закажана седницата на Собранието.

Претседател/ката, вработените и членовите на Управниот одбор даваат изјава за судир на интереси, еднаш годишно.

Членот или вработениот не смее да стекнува директна или индиректна финансиска или материјална добивка преку користење на својата позиција, односно преку продажба, дистрибуција, промоција на материјали или услуги.

Членот или вработениот не смее да прима подароци, материјални добра или на друг начин да стекнува корист од даватели на услуги или набавувачи или други содоговарачи на ЦЕНТАР ЗА ЕДНАКВОСТ И ПРАВДА.

**Член 11 – Регистар на членови**

ЦЕНТАР ЗА ЕДНАКВОСТ И ПРАВДА за своите членови води регистар на членството, кој се ажурира еднаш годишно.

ЦЕНТАР ЗА ЕДНАКВОСТ И ПРАВДА ја гарантира анонимноста на личните податоци на членовите кои тоа го побарале.

**Член 11 – Права и одговорности**

Членовите на ЦЕНТАР ЗА ЕДНАКВОСТ И ПРАВДА имаат права и одговорности согласно одредбите на овој Статут и позитивните законски прописи. Членовите ги имаат следните права и обврски:

- да избираат и да бидат избрани во органите на ЦЕНТАР ЗА ЕДНАКВОСТ И ПРАВДА;
- да предлагаат решавање на прашања од заеднички интерес;
- да работат на развивање и унапредување на активностите кои произлегуваат од Статутот, програмските цели и задачи и усвоените одлуки и заклучоци;
- да ги спроведуваат во целост одредбите од Статутот и програмските активности;
- да ги застапуваат интересите и ставовите на ЦЕНТАР ЗА ЕДНАКВОСТ И ПРАВДА;
- да бараат стручна и друга помош од делокругот на работата на ЦЕНТАР ЗА ЕДНАКВОСТ И ПРАВДА;
- да плаќаат годишна членарина, чиј износ се утврдува со одлука на Собранието.

**Член 12 – Престанување на членство**

Членството во ЦЕНТАР ЗА ЕДНАКВОСТ И ПРАВДА може да престане:

1. Со истапување;
2. Со исклучување.
3. Со смрт

Секој член може доброволно да истапи од ЦЕНТАР ЗА ЕДНАКВОСТ И ПРАВДА, за што задолжително ќе достави писмено известување. Членот кој истапува од ЦЕНТАР ЗА ЕДНАКВОСТ И ПРАВДА со писмена изјава е должен да ги предаде сите ствари, кои ги има користено за време на активностите. За писмена изјава ќе се смета изјавата испратена до претседат/елката на ЦЕНТАР ЗА ЕДНАКВОСТ И ПРАВДА, по пошта или по електронски пат.

Членот може да биде исклучен поради дејствување спротивно на вредностите и принципите на ЦЕНТАР ЗА ЕДНАКВОСТ И ПРАВДА, нанесување штета на дејноста и угледот на ЦЕНТАР ЗА ЕДНАКВОСТ И ПРАВДА, постапување спротивно на Статутот и актите на ЦЕНТАР ЗА ЕДНАКВОСТ И ПРАВДА, неприсуствување на три последователни седници на Собранието, континуирано неплаќање членарина во рок од најмалку три години, создавање конфликтни ситуации со останатите членови на ЦЕНТАР ЗА ЕДНАКВОСТ И ПРАВДА со што ја нарушува работата на ЦЕНТАР ЗА ЕДНАКВОСТ И ПРАВДА и дејствување спротивно на клаузулата за судир на интереси..

Постапка за исклучување можат да поведат:

- пет член/ки на Собранието;
- член(ка) на Управниот одбор;

Управниот одбор донесува одлуки за предлагање за исклучување на членот со мнозинство гласови од присутните членови и го предлага исклучувањето на членот пред Собранието. Членот кој е предложен да биде разрешен, пред гласањето на седницата на Собранието има право да се обрати. Собранието донесува одлука за разрешување на членот со мнозинство гласови од присутните членови.

## III. ОРГАНИ НА ЦЕНТАР ЗА ЕДНАКВОСТ И ПРАВДА

### Член 13 – Органи на ЦЕНТАР ЗА ЕДНАКВОСТ И ПРАВДА

Органи на ЦЕНТАР ЗА ЕДНАКВОСТ И ПРАВДА се:

1. Собрание;
2. Управен одбор;
3. Претседател/ка (во понатамошниот текст: Претседател/ка);

Дејствувањето на ЦЕНТАР ЗА ЕДНАКВОСТ И ПРАВДА се одвива преку извршна канцеларија.

### Дел 1 – Собрание

### Член 14 – Собрание

Собранието е највисок орган на ЦЕНТАР ЗА ЕДНАКВОСТ И ПРАВДА и го сочинуваат сите негови членови.

Со Собранието претседава Претседател/ката на ЦЕНТАР ЗА ЕДНАКВОСТ И ПРАВДА. Во случај Претседател/ката да не е во состојба да присуствува од објективни и легитимни причини и своето отсуство соодветно го најави, со Собранието претседава друг член на Управниот одбор.

**Член 15 – Надлежности на Собранието**

Собранието е надлежно да:

- донесува статут и негови измени и дополнувања;
- ги донесува актите на ЦЕНТАР ЗА ЕДНАКВОСТ И ПРАВДА предвидени со овој Статут;
- усвојува Стратегија на ЦЕНТАР ЗА ЕДНАКВОСТ И ПРАВДА;
- усвојува годишен извештај за работата и финансиски извештај кој се објавува на веб страницата на ЦЕНТАР ЗА ЕДНАКВОСТ И ПРАВДА, доставува финансиски извештај до надлежниот орган на државната управа, односно до органот на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје во случаите кога користи средства од Буџетот на Република Северна Македонија, односно буџетите на единиците на локалната самоуправа;
- одлучува за промена на целта на ЦЕНТАР ЗА ЕДНАКВОСТ И ПРАВДА;
- одлучува за внатрешната организација и организационите форми на органите на ЦЕНТАР ЗА ЕДНАКВОСТ И ПРАВДА;
- избира и разрешува членови на Управниот одбор;
- одлучува за престанок на ЦЕНТАР ЗА ЕДНАКВОСТ И ПРАВДА со двотретинско мнозинство гласови од сите членови на ЦЕНТАР ЗА ЕДНАКВОСТ И ПРАВДА;
- одлучување за основањето подружници и
- врши и други работи во согласност со Статутот и актите на ЦЕНТАР ЗА ЕДНАКВОСТ И ПРАВДА.

Одлуките на Собранието се задолжителни за сите органи и членови на ЦЕНТАР ЗА ЕДНАКВОСТ И ПРАВДА.

**Член 15 – Работа на Собранието**

Собранието работи на седници коишто се одржуваат по потреба, а задолжително одржува најмалку една седница годишно.

Седниците се одржуваат со физичко присуство на членовите или со користење на платформи за далечинска комуникација, при што имаат еднаква важност без оглед на формата.

Собранието полноважно одлучува ако се присутни повеќе од една половина од вкупниот број членови.

Собранието по правило одлуките ги донесува со мнозинство гласови од присутните членови, освен ако со овој Статут не е поинаку уредено.

Работата на Собранието поблиску се уредува со акт кој го носи Собранието.

**Член 16 – Свикување седница на Собранието**

Седница на Собранието свикува Претседател/ката на ЦЕНТАР ЗА ЕДНАКВОСТ И ПРАВДА кога за тоа има потреба или кога е определено со Статутот за извршување на функциите на здружението.

-

Претседател/ката задолжително ќе свика седница на Собранието ако за тоа образложен предлог достави мнозинството членови на Управниот одбор и најмалку една третина од членовите на Собранието.

Седницата од претходниот став се свикува во рок 30 дена од денот на доставување на барањето.

Собранието се свикува со покана до сите членови на ЦЕНТАР ЗА ЕДНАКВОСТ И ПРАВДА, со датум, место на одржување и дневен ред на седницата.

Составен дел на поканата се и материјалите за кои Собранието треба да одлучува.

**Член 17 – Раководење со седницата на Собрание**

Собранието за секоја седница одделно избира претседавач, кој е предложен од страна на Претседател/ката, а се бира со мнозинство број на гласови од присутните членови.

До изборот на претседавач со седницата на Собранието раководи Претседател/ката на ЦЕНТАР ЗА ЕДНАКВОСТ И ПРАВДА.

**Член 18 – Одржување седница**

За седницата на Собранието се води записник, кој го потврдуваат претседавачот на Собранието и Претседател/ката на ЦЕНТАР ЗА ЕДНАКВОСТ И ПРАВДА.

Закажувањето и спроведувањето на седниците на Собранието го администрира Претседател/ката на ЦЕНТАР ЗА ЕДНАКВОСТ И ПРАВДА или лице назначено од Претседател/ката на ЦЕНТАР ЗА ЕДНАКВОСТ И ПРАВДА.

## Дел 2 – Управен одбор

### Член 19 – Управен одбор

Управниот одбор на ЦЕНТАР ЗА ЕДНАКВОСТ И ПРАВДА е управен орган на здружението.

Управниот одбор го сочинуваат најмалку три, а најмногу девет члена.

Секој член на Управниот одбор има еднакви права, обврски и одговорности за дејствувањето и развојот на ЦЕНТАР ЗА ЕДНАКВОСТ И ПРАВДА во согласност со Статутот.

### Член 20 – Избор на членови

Членовите на Управниот одбор ги избира Собранието, со мнозинство од бројот на присутните членови на Собранието.

За својата работа, членовите на Управниот одбор одговараат пред Собранието.

### Член 21 – Постапка за избор

Предлог за член на Управниот одбор можат да дадат најмалку три члена на Собранието.

Доколку не се избере потребниот број на членови на Управниот одбор, постапката за избор на непополнетите места во Управниот одбор се повторува во рок не подолг од два месеца.

Мандат на членовите на Управниот одбор е 5 години, со можност за уште еден избор.

### Член 22 – Надлежности на Управен одбор

Управниот одбор ги врши следните работи:

- ги предлага општите акти;
- предлага измени и дополнување на Статутот;
- усвојува програма за работа согласно стратегијата;

- донесува правилници, упатства, програми и други интерни акти потребни за редовно и правилно работење на ЦЕНТАР ЗА ЕДНАКВОСТ И ПРАВДА;
- избира и разрешува Претседател на ЦЕНТАР ЗА ЕДНАКВОСТ И ПРАВДА од членовите на Управниот одбор;
- предлага нови членови во ЦЕНТАР ЗА ЕДНАКВОСТ И ПРАВДА
- свикува седници на Собранието и подготвува материјали за седниците;
- управува и одговара за управувањето со имотот на ЦЕНТАР ЗА ЕДНАКВОСТ И ПРАВДА;
- донесува одлуки за формирање на постојани и повремени комисии, проектни и мрежи од соработници;
- донесува одлуки за награди и признанија;
- подготвува годишен или периодичен извештај за својата работа и работата на ЦЕНТАР ЗА ЕДНАКВОСТ И ПРАВДА;
- го предлага програмскиот и финансискиот извештај за изминатата година;
- информира за својата работа во посебен извештај; и
- врши и други работи кои произлегуваат од потребите на Статутот на ЦЕНТАР ЗА ЕДНАКВОСТ И ПРАВДА.

**Член 23 – Работа на управниот одбор**

Управниот одбор работи и одлучува на седници, кои се свикуваат по потреба, а најмалку 2 пати годишно.

Седниците се одржуваат со физичко присуство на членовите или со користење на платформи за далечинска комуникација, при што имаат еднаква важност без оглед на формата.

Седниците на Управниот одбор ги свикува и со нив раководи Претседател/ката или во негово отсуство кој било од членовите назначен од страна на Претседател/ката пред седницата.

Образложен предлог за свикување на седница може да даде и член на Управен одбор. Во тој случај, Претседателот е должен да закаже седница, а доколку Претседателот одбива да го стори тоа, тогаш членот свикува сам седница во рок од најмалку 5 дена.

Предлог за свикување на седница можат да дадат и најмалку пет члена на Собранието.

Претседателот е должен да свика седница во рок од пет дена од денот кога е поднесено барањето.

Свикувањето се врши со покана која содржи време, место и предлог дневен ред на седницата и придружни материјали.

Работата на Управниот одбор поблиску се уредува со акт кој го донесува Управниот одбор.

**Член 24 – Одлучување на управниот одбор**

Управниот одбор може да работи и да одлучува ако на седницата се присутни најмалку половина од бројот на членовите.

Управниот одбор одлучува со апсолутно мнозинство гласови од вкупниот број членови.

За работата на седниците се води записник од страна на Претседателот/ката или лице кое тој/таа ќе го определи, кој се усвојува на следната седница на Управниот одбор.

**Член 25 – Престанок на мандат на членовите на Управниот одбор**

Мандатот на член на Управен одбор, престанува со:

1. Разрешување;
2. Оставка;
3. Истек на времето за кое е избран;

Член на Управен одбор може да биде разрешен ако работи спротивно на интересите на ЦЕНТАР ЗА ЕДНАКВОСТ И ПРАВДА. Членот на Управниот одбор се разрешува истиот начин на кој бил и избран.

**Дел 3 – Претседател/ка**

**Член 26 – Претседател/ка**

Претседател/ката е законски застапник на ЦЕНТАР ЗА ЕДНАКВОСТ И ПРАВДА.

Претседател/ката го застапува и претставува ЦЕНТАР ЗА ЕДНАКВОСТ И ПРАВДА во односите со трети лица, органи и организации во земјата и во странство.

Претседател/ката може да ополномошти член на Управниот одбор да го застапува и претставува ЦЕНТАР ЗА ЕДНАКВОСТ И ПРАВДА во односи со трети лица, органи и организации во земјата и во странство, кога за тоа не е во можност.

Претседател/ката е полноправен член на Собранието и на Управниот одбор и е одговор/на за спроведувањето на Статутот, одлуките, актите на Собранието и Управниот одбор.

Претседател/ката учествува во избор на вработени, програмски и проектни координатор/ки, координација на вработените во ЦЕНТАР ЗА ЕДНАКВОСТ И ПРАВДА.

Претседател/ката за својата работа одговара пред Собранието.

**Член 27**

Претседател/ката ги има следниве права и должности

- Претседателката ја спроведува политиката на ЦЕНТАР ЗА ЕДНАКВОСТ И ПРАВДА, усвоена од Управниот одбор
- раководи со извршната канцеларија, административното и деловното работење
- ги запознава вработените со интерните акти и одлуки донесени од Управниот одбор,
- воспоставува соодветни процедури за работа и се грижи за нивната примена, по претходно одобрение на Управниот одбор
- воспоставува показатели за работни достигнувања и ги оценува работните достигнувања на вработените
- предлага програма за работа за времетраењето на мандатот и се грижи за спроведување на истата,
- потписни/чка е на банкарските сметки на ЦЕНТАР ЗА ЕДНАКВОСТ И ПРАВДА,
- изготвува консолидиран финансиски извештај на ЦЕНТАР ЗА ЕДНАКВОСТ И ПРАВДА
- го претставува и застапува ЦЕНТАР ЗА ЕДНАКВОСТ И ПРАВДА согласно овластувањата утврдени со овој Статут, пред националните, регионалните и меѓународните организации и други институции,
- поднесува периодични и годишни извештаи за неговата работата до Управниот одбор на ЦЕНТАР ЗА ЕДНАКВОСТ И ПРАВДА
- одржува редовни контакти со донаторите, партнерските организации и мрежите на организации и други организации и;

- врши други работи кои произлегуваат од Статутот, одлуките на Собранието, Управниот одбор и другите интерни акти на ЦЕНТАР ЗА ЕДНАКВОСТ И ПРАВДА.

**Член 28 – Постапка за избор на Претседател/ка**

Предлог за избор на Претседател/ка можат да поднесат најмалку двајца членови на Управниот одбор.

Претседател/ката, по правило се избира на конститутивната седница на Управниот одбор или на следната седница по престанок на мандатот на претходниот претседател/ка.

Претседател/ката се избира со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Управниот одбор.

Мандатот на Претседател/ката е 5 години со право на еден реизбор.

**Член 29 – Престанок на мандатот**

Мандатот на Претседател/ката, престанува со:

4. Разрешување;
5. Оставка;
6. Истек на мандатот;

Претседател/ката, може да биде разрешен/а ако работи спротивно на интересите на ЦЕНТАР ЗА ЕДНАКВОСТ И ПРАВДА или ако Собранието не го усвои годишниот извештај. Претседател/ката може да биде разрешен на истиот начин на кој бил и избран.

**Дел 4 Член 30 – Надзорен одбор**

Надзорниот одбор се состои од два члена, кои ги избира Собранието. Членовите на Надзорниот одбор не мора да се членови на ЦЕНТАР ЗА ЕДНАКВОСТ И ПРАВДА. Мандатот на членовите на НО е четири години, со можност за еден реизбор.

Надзорниот одбор се состанува по потреба, а најмалку два пати годишно. Надзорниот одбор работи и одлучува со усогласување на членовите. Доколку не може да се постигне согласност меѓу членовите, прашањето се поставува на Собранието на решавање.

**Член 31.**

Надзорниот одбор: - врши надзор и контрола на материјално-финансиското работење на ЦЕНТАР ЗА ЕДНАКВОСТ И ПРАВДА; - врши надзор на законитоста во работењето на ЦЕНТАР ЗА ЕДНАКВОСТ И ПРАВДА; - ја контролира примената на постапки кои ја обезбедуваат законитоста, ефикасноста и економичноста во работењето на

ЦЕНТАР ЗА ЕДНАКВОСТ И ПРАВДА; - дава мислење за годишниот извештај за работата и годишниот финансиски извештај.

**Член 32 - Разрешување**

Член на НО може да биде разрешен пред истекот на мандатот ако:

- поднесе оставка;

- не учествува во работата на Одборот подолго од една година;

- не го почитува Статутот.

Предлог за разрешување на член на Надзорен одбор може да поднесе претседателот на Собранието или една третина од членовите на Собранието. По разрешувањето на член на Надзорен, се избира член со нов четиригодишен мандат.

## Дел 5 ИЗВРШНА КАНЦЕЛАРИЈА

**Член 33 – Извршна канцеларија**

За своето програмско, административно и финансиско работење ЦЕНТАР ЗА ЕДНАКВОСТ И ПРАВДА има Извршна канцеларија.

По потреба во Извршната канцеларија се воспоставуваат сектори/оддели со одлука на Управниот одбор, а по предлог на Претседател/ката.

Работата на Извршната канцеларија ја координира Претседател/ката.

За спроведување на програмското, административното и финансиското работење Извршната канцеларија има вработени и по потреба ангажира физички правни лица за спроведување на програмски, административни и финансиски работи.

Работата на Извршната канцеларија, а особено постапката за вработување, распоредување на работите и работните задачи, платите и надоместоците се уредуваат со акт кој го донесува Управниот одбор.

Извршната канцеларија е задолжена за подготвување нацрт на годишна програма и нацрт на стратегија и истите ги доставува до Управниот одбор.

**Член 34 – Учество во работата на органите**

Членовите на Собранието, Управниот одбор и Надзорниот одбор (членовите на органите) во секое време можат да побараат информација и увид во работата на органите и да даваат иницијатива за подготвување општи акти.

## Дел 6 ФИНАНСИРАЊЕ

**Член 35 – Финансирање на ЦЕНТАР ЗА ЕДНАКВОСТ И ПРАВДА**

**ЦЕНТАР ЗА ЕДНАКВОСТ И ПРАВДА се финансира од:**

- проекти
- донации
- извршување на интелектуални услуги
- членарини
- социјално претприемништво

### Член 36 – Користење и располагање со средства

Користење и располагање со средства на ЦЕНТАР ЗА ЕДНАКВОСТ И ПРАВДА добиени по основите на предходниот член се врши на начин утврден со закон, со овој Статут и според актите за финансиско и административно работење кои ги носи Управниот одбор и согласно правилата и ограничувањата на изворите на финансирање.

За користење и располагање со средства одлучуваат органите на ЦЕНТАР ЗА ЕДНАКВОСТ И ПРАВДА.

### Член 37 – Поднесување на финансиски извештаи

ЦЕНТАР ЗА ЕДНАКВОСТ И ПРАВДА води сметководство согласно прописите од областа на сметководството и материјално-финасиското работење

ЦЕНТАР ЗА ЕДНАКВОСТ И ПРАВДА поднесува годишен финансиски извештај за приходите и расходите на здружението и врши попис на начин уреден со закон.

Одговорен за годишната сметка и за финансиските извештаи, односно за нивната подготовка и потпишување е Претседателот.

Годишниот финансиски извештај ќе биде подложен на ревизија од независен ревизор.

## Дел 7 ПРЕСТАНОК НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА

### Член 38 – Престанок на ЦЕНТАР ЗА ЕДНАКВОСТ И ПРАВДА

ЦЕНТАР ЗА ЕДНАКВОСТ И ПРАВДА ќе престане со работа ако е:

- донесена одлука за престанок на постоење во согласност со Статутот
- поминато двојно повеќе време од времето предвидено за одржување на седница на највисокиот орган утврден со статутот, а таа не е одржана,
- во две последователни години не е поднесена завршна сметка во согласност со закон,

- донесена одлука на надлежен суд,

Одлука за престанок на ЦЕНТАР ЗА ЕДНАКВОСТ И ПРАВДА донесува Собранието со двотретинско мнозинство од членовите.

## Дел 8 ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 39 – Родово неутрално значење на термините

Во овој статут употребените изрази во машки род имаат неутрално значење и се однесуваат и за жени и за мажи.

### Член 40 – Измени и дополнување на Статут

Измени и дополнувања на овој Статут се вршат по иста постапка како и за неговото донесување.

Актите предвидени со овој статут ќе се донесат најдоцна 6 месеци по влегувањето во сила на овој Статут.

### Член 41 – Влегување во сила

Овој Статут влегува во сила со денот на донесувањето.

ПРЕТСЕДАТЕЛ/КА НА ЦЕНТАР ЗА ЕДНАКВОСТ И ПРАВДА